СДММ

Врз основа на член 25 став 11 од Статутот на Социјалдемократската младина на Македонија, Централниот одбор на Социјалдемократската младина на Македонија, на својата седница одржана на 13.07.2024 година, го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за постапка, начин и критериуми за кандидирање и избор на Претседател на СДММ и членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор за 26-та изборна Конференција

### Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредуваат условите и постапката за кандидирање како и други прашања од значење на изборот за Претседател на СДММ.

### Член 2

Постапка, начин и критериуми за кандидирање и избор на Претседател на СДММ и членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор се утврдуваат со Статутот на СДММ, со овој Правилник и со одлуките на Централниот одбор на СДММ.

### Член 3

Со Одлуката на Централниот одбор на СДММ за свикување на Конференција на СДММ се определува датумот на одржување на Изборната Конференција на СДММ за избор на Претседател и членови на органите на СДММ.

Локацијата и времето ќе бидат утврдени од страна на Извршниот одбор на СДММ.

## ТЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Член 4

Тела за спроведување на изборната Конференција се:

-Работно претседателство

-Верификациона комисија

-Кандидациона комисија

-Изборна комисија.

Членовите на телата за спроведување на Конференцијата не можат да бидат кандидати за Претседател на СДММ.

ПОСТАПКА ЗА КАНДИДИРАЊЕ

Член 5

Право за кандидирање за Претседател на СДММ и членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор имаат сите членови кои ги исполнуваат условите и критериумите предвидени со Статутот на СДММ и со овој Правилник.

Член 6

Постапка за избор на Претседател на СДММ започнува со самокандидирање и доставување на:

- Програма за работа на кандидатот за Претседател на СДММ,
- пријава за кандидатура,
- кратка биографија и
- Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ.

Постапката за избор на членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор започнува со состаноци по месните клубови и состаноци на ИО на ЛК на СДММ.

Претседателот на ЛК на СДММ е должен да ги извести членовите и да свика состаноци по месните клубови за започнување на постапката за избор на Претседател на СДММ, и членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор.

Член 7

Предлог кандидати за носители на функции на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор се предлагаат на состаноците на месните одбори и се разгледуваат од страна на ИО на ЛК на СДММ.

По завршување на состаноците по месните одбори, ИО на ЛК на СДММ ја евидентира предлог листата за Претседател на СДММ, членови на Централниот и Надзорниот одбор на СДММ, доставени од месните одбори на ЛК.

Евидентираната предлог листа за носители на функции на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор, ИО на ЛК на СДММ ја испраќа на разгледување до ИО на СДММ.

Утврдената предлог листа за носители на функции на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор, ИО на СДММ ја доставува до Конференцијата на СДММ.

Член 8

Критериуми за кандидирање и избор на Претседател на Социјалдемократската младина на Македонија (СДММ).

Кандидатите за Претседател на СДММ треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да уживаат висок авторитет, углед и доверба во нивната средина,
- најмалку еднаш да бил избран од Конференцијата на СДММ за член на некои од органите на младината (Претседател, Генерален секретар, член на Централен одбор или Надзорен одбор) или да бил избран за Претседател на Локален клуб на СДММ.
- да се истакнати членови на СДММ кој со својот досегашен партиски ангажман имаат препознатлив придонес за СДММ и СДСМ,
- да бидат доследни во остварувањето на политичките и програмските определби на СДММ и СДСМ,
- да имаат јасна визија за идниот развој и делување на СДММ на централно и локално ниво,
- да поседуваат силни политички и организациски способности, да бидат подготвени за воведување современи методи и технологии за работа, да поседуваат вештини за јавен настап,
- да се однесуваат со почит и толеранција кон партиските колеги,
- да потпишат изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот целосно да го почитуваат.

Член 9

Критериуми за кандидирање и избор на членови на Централен и Надзорен одбор на СДММ.

Кандидатите за избор на членови на органите на СДММ, Централен и Надзорен одбор, како и делегатите на Конференцијата на СДММ, треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да уживаат авторитет, углед и доверба во нивната средина,
- да бидат доследни во остварувањето на политичките и програмските определби на СДММ,
- да имаат силно изразенхи политички и организациони способности, да имаат способност за тимска работа,
- да бидат подготвени за користење современи методи и технологии за работа,
- да се однесуваат со почит и толеранција кон партиските колеги.

Член 10

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА

Претседател

Марко Михаилоски

**Роковник за постапката и начинот за кандидирање и избор на Претседател, членови на ЦО и НО на Социјалдемократската младина на Македонија**

| РОК | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| 13.07.2024 | Централен Одбор на СДММ | (1 ден) | Донесување на одлука за внатрепартиски избори |
| 15.07.2024 - 28.07.2024 | Поднесување кандидатура за Претседател на СДММ до ИО на СДММ | (14 дена) | Поднесување на Образец за кандидирање на внатрепартиските избори за Претседател на СДММ, кратка биографија и програма за работа за двегодишниот мандат |
| 29.07.2024 - 07.08.2024 | Евидентирање на делегати и предлог членови за ЦО и НО за Конференција на СДММ | (10 дена) | ИО на ЛК да достави во предвидениот рок до ИО на СДММ |
| 08.08.2024 - 11.08.2024 | Утврдување кандидати за Претседател на СДММ и листа на делегати и членови на ЦО и НО | (4 дена) | ИО на СДММ |
| 12.08.2024 - 30.08.2024 | Кампања на кандидати за Претседател | (19 дена) | |
| 31.08.2024 | Изборен молк | (1 ден) | |
| 01.09.2024 | Изборна Конференција СДММ | (1 ден) | Избор на Претседател, ЦО и НО на СДММ |